Universiteti i Tetovës - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет во Тетово - Република Северна Македонија
Nr.-Бр. 02-4464/2
28.12.2022 viti/год.
Tetovë - Тетово

UNIVERSITETI I TETOVËS

УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО

UNIVERSITY OF TETOVO

# ПРАВИЛНИК

## за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот, односно од еден на друг универзитет

Тетово, 2022

Врз основа на членот 94 точка 23 од Законот за високотообразование (Службен весник на РМ бр.82/2018) и членот 85 од Статутот на Универзитетот во Тетово, Сенатот на Универзитетот на седницата одржана на ден 24.11.2022 г. донесе

# ПРАВИЛНИК

**за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот, односно од еден на друг универзитет**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат единствените основи за организирање и реализирање на студиските програми и системот на студирање според единствениот кредит трансфер систем (во понатамошниот текст: ЕКТС), преминот од една на друга студиска програма, преминот од една на друга единица во состав на Универзитетот, преминот од еден универзитет на друг универзитет во земјата и во странство, како и пренесување и признавање на ЕКТС-кредити стекнати на друга единица на Универзитетот, односно високообразовна институција.

### Член 2

„Кредит систем" е систем за акумулирање и трансфер на кредити врз основа на транспарентноста на резултатите од учењето и процесите на учење во високото образование.

„Кредит трансфер систем" е заедничка процедура што се воспоставува според Европскиот кредит трансфер систем - ЕКТС или Европски систем на пренос и акумулација на поени (англиски: European Credit Transfer and Accumulation System) и претставува нумерички систем за квалитативно вреднување на работата на студентите што била вложена за стекнување знаења, вештини и компетенции што се предвидени со програмата за студирање, односно со конкретниот предмет во рамките на таа програма, ги опфаќа поените за совладување на предметот во целина, сите предмети во еден семестар, академската година и целокупното студирање и нивен пренос од една на друга високообразовна установа.

„Кредит" е квантитативна мерка за изразување на обемот на учењето врз основа на обемот на работата која студентот во просек ја врши, односно оптоварувањето на студентот во кое се сметаат предавањата, семинарите, вежбите, другите облици на организирана студиска работа и самостојно учење со цел да ги постигне очекуваните резултати од процесот на учење. Кредитот му се доделува на студентот и се регистрира во неговото досие кога ќе ја исполни студиската обврска;

**Член 3**

Со кредит трансфер системот се остварува:

- зголемена мобилност на студентот на институционално, на национално и на меѓународно ниво;
- прецизен увид во обемот на работата и изразување на оптовареноста на студентот во процесот на студирањето;
- развивање и функционирање на механизми за перманентно следење на напредокот на студентот според резултатите од учењето;
- објективност во оценувањето и признавање на резултатите од студирањето;
- остварување компатибилност на студиските програми на институционално, на национално и на меѓународно ниво;
- воспоставување меѓународна мобилност на студентот и остварување компатибилност на студиските програми на интернационално ниво, според принципите на Европскиот кредит трансфер систем - ЕКТС или Европски систем на пренос и акумулација на поени (англиски: European Credit Transfer and Accumulation System);
- непречено пренесување на постигањата на студентот од една во друга институција;
- зголемена индивидуализација на текот на студирањето и
- создавање основи за остварување на концептот за доживотно учење.

***Примена на кредит трансфер системот***

**Член 4**

Кредит трансфер системот се применува во остварувањето на студиските и предметните програми за:

- прв циклус академски студии (додипломски студии);
- втор циклус академски студии (постдипломски студии);
- академски интегрирани студии од прв и втор циклус;
- трет циклус академски студии (докторски студии);
- прв циклус стручни студии;
- втор циклус стручни студии;
- специјалистички студии од трет циклус.
-

***Структура на студиските програми***

**Член 5**

Студиските програми се вреднуваат со кредити по ЕКТС. Секоја година на студиската програма содржи 60 кредити.

Секој предмет од студиската програма се вреднува со одреден број на ЕКТС-кредити.

Студиските програми во сите студиски години на додипломските, постдипломските на докторските студии треба да содржат задолжителни и изборни предмети, освен студиските програми за регулираните професии пропишани со Законот за високото образование, студиските програми за правните студии и студиските програми за основна обука на наставници во основното и во средното образование.

Задолжителните предмети во студиската програма треба да бидат од соодветната област на единицата на Универзитетот, односно на внатрешната организациска единица (институт, катедра, оддел).

Изборните предмети студентите ги избираат од листата на изборни предмети на дадената студиска програма.

Изборните предмети сочинуваат најмалку 10%, а најмногу 30% од бројот на ЕКТС-кредити во студиската програма.

Збирот на ЕКТС-кредитите на предметите кои се застапени на листата на изборни предмети на студиската програма е најмалку двојно поголем од бројот на ЕКТС-кредити предвидени во наставната програма за изборните предмети.

Секој од предметите на листата на изборни предмети задолжително носи еднаков број на ЕКТС-кредити.

Во листата на изборни предмети на наставната програма која се изведува на единицата на Универзитетот, можат да бидат вклучени и предмети кои се изведуваат на друга единица на Универзитетот.

Студиските програми на единиците на Универзитетот, во делот на задолжителните и изборните предмети можат да содржат и „прозорци за мобилност", односно предмети чии активности може да се изведуваат и на англиски јазик.

Кога Универзитетот изведува студиска програма за стекнување заедничка диплома со странски универзитет, се применуваат прописите на Универзитетот, односно каде што се изведува студиската програма во поглед на соодносот на застапеноста на задолжителните и изборните предмети.

Содржината на студиските програми подетално се регулира со Законот за високото образование, Правилникот за содржината на студиските програми кој го донесува Националниот совет за високо образование, правилниците за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор, односно трет циклус студии на Универзитетот, како и Елаборатот на студиската програма.

***Начин на доделување кредити***

**Член 6**

Бројот на кредитите за предметите се утврдува врз основа на предавања, вежби, семинари, индивидуална настава и другите облици на студиите кои се соодветни на специфичноста на наставно-научната и уметничката област (практично оспособување, хоспитација, настапи, теренска работа и слично), консултативно-инструктивна настава,

форми на континуирана проверка на знаењето и испити кои се сметаат како контакт часови, како и индивидуална студиска работа (спортска работа, истражување на литература, семинарски задачи, проектна работа), самостојно учење, како и изработката на дипломска (магистерска, докторска) задача.

Кредити може да се доделуваат и за различни видови студентски активности: извршена стручна практика, изработка или реализација на проект, настап на стручен собир, учество на зимски или летни школи и сл.

Активностите за кои ќе се доделуваат кредити ги утврдува единицата на Универзитетот.

Овие кредити се внесуваат во додаток на дипломата во делот на дополнителни информации за реализирани активности.

**Член 7**

При определувањето на бројот на ЕКТС-кредити за одреден предмет треба да се има предвид следново:

1. Една академска година носи 60 ЕКТС-кредита, а еден семестар 30 ЕКТС-кредита;

2. Студентот за време на студирањето работи (учествува во наставата и консултациите, се подготвува за настава, учи, изготвува проектни задачи, проекти и сл.) 5 дена во неделата, односно вкупно 40 часа неделно.

**Член 8**

Сите задолжителни предмети за одредена студиска програма носат одреден број на ЕКТС-кредити кои се вклопуваат во максималното оптоварување на студентот. Наставно-научните совети на единиците на Универзитетот, донесуваат одлука за бројот, распределбата и за усогласувањето на ЕКТС-кредитите за задолжителните предмети.

Задолжителните се носечки предмети на препознатливоста на една студиска програма според нив се врши усогласување со истите или слични студиски програми на други универзитети во државата и во странство.

Сите изборни предмети за одредена студиска програма носат еднаков број на ЕКТС-кредити кои се вклопуваат во максималното оптоварување на студентот.

Наставно - научните совети на единиците на Универзитетот, донесуваат одлука за бројот, распределбата и усогласувањето на ЕКТС-кредитите за изборните предмети.

Изборните предмети се обезбедуваат на ниво на иста студиска програма, на ниво на иста единица на Универзитетот и од друга единица на Универзитетот.

Универзитетот може да воведе и таканаречени вонкурикуларни, изборни или задолжителни предмети (како физичко - спортски активности, втор јазик и слично), со вкупно оптоварување во еден семестар во согласност со предложената предметна програма, но не повеќе од 4 ЕКТС-кредита.

Изработката на дипломскиот труд/ завршниот испит се вреднува со најмногу ЕКТС-кредити.

Изработката на докторскиот/магистерскиот/специјалистичкиот труд се вреднува со најмногу 30 ЕКТС-кредити.

**Член 9**

ЕКТС-кредитите му се доделуваат само на оној студент кој ќе ги исполни условите за полагање и успешно ќе ја заврши предметната програма. Условите, што треба да ги исполни студентот за успешно завршување на предметната програма, ги утврдува единицата на Универзитетот.

## ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ

**Член 10**

Во рамките на најмногу 40 недели годишно, вкупното оптоварување на студентите изнесува од 1.500 до 1.800 часа годишно.

Во случаите од ставот 1 на овој член студиските програми од првиот циклус содржат најмалку 20, а најмногу 30 часа предавања, вежби и семинари неделно и 30 недели годишно.

По исклучок, ако студиската програма содржи практично оспособување, вкупното оптоварување на студентот не смее да надмине 40 часа неделно и 45 недели годишно.

Оптоварувањето на студентите опфаќа предавања, вежби, семинари, индивидуална настава и другите облици на студиите кои се соодветни на специфичноста на наставно-научната и уметничката област (практично оспособување, хоспитација, настапи, теренска работа и слично), консултативно-инструктивна настава, форми на континуирана проверка на знаењето и испити кои се сметаат како контакт часови, како и индивидуална студиска работа (спортска работа, истражување на литература, семинарски задачи, проектна работа), самостојно учење, како и изработката на дипломска (магистерска, докторска) задача.

Ангажираноста на студентот во текот на семестарот изнесува 20 недели. Предавањата, вежбите, семинарите и другите облици на студиите кои се соодветни на специфичноста на наставно-научната област се изведуваат во рамките на семестрите - во траење од 12 недели. За подготовка за оценување се предвидени 8 недели. Активностите во рамките на еден семестар го имаат следниов распоред:

- 6 недели предавања и учење,
- 1 недела за реализација на првиот колоквиум,

- 6 недели предавања и учење,
- 1 недела за реализација на вториот колоквиум,
- недели за завршното оценување во рамките на испитните сесии.

**Член 11**

Во зимскиот семестар и летниот семестар првиот колоквиум се реализира во седмата недела.

Во зимскиот семестар и летниот семестар првиот колоквиум се реализира во четиринаесеттата недела.

Завршното оценување се реализира во рамките на испитните сесии кои ги утврдува Ректорската управа на Универзитетот.

Континуираното оценување, исто како и за завршното оценување и остварените резултати на студентите се објавуваат во согласност со актите за прв, втор и трет циклус студии.

**Член 12**

При изготвувањето на студиските и предметните програми, единиците на Универзитетот треба да овозможат нивна институционална и национална компатибилност и создавање услови за премин на студентот од една на друга студиска програма во рамки на една единица, услови за премин од една на друга единица во состав на Универзитетот, како и услови за премин од единица надвор од Универзитетот, во случаи кога постојат единици кои образуваат ист или сличен профил на академски и стручни кадри, како и за премин на студентот од една единица на друга, односно на единица на универзитет во државата и во странство.

Компатибилноста од претходниот став на овој член не претставува идентичност, туку усогласеност на студиските и предметните програми помеѓу две институции кои образуваат исти или слични профили.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ ИНСТИТУЦИОНАЛНА И НАЦИОНАЛНА КОМПАТИБИЛНОСТ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

**Член 13**

Единиците на Универзитетот, при подготвувањето на студиските и предметните програми, треба да овозможат нивна институционална, национална и интернационална компатибилност, односно споредливост и препознатливост во европскиот високообразовен простор, како и создавање услови за премин на студентот од една на друга студиска програма во рамките на единицата на Универзитетот, односно научниот институт, како и услови за премин од една на друга единица на Универзитетот, односно научен институт во состав на Универзитетот, услови за премин на друга единица на Универзитетот, односно научен институт, надвор од Универзитетот, во случаите кога

постојат единици, кои продуцираат ист или сличен профил на стручни кадри, како и услови за премин на студентот на универзитети во странство.

### Член 14

Кредитите од ЕКТС им се доделуваат само на студенти кои успешно ќе ги реализираат сите активности предвидени со предметната програма. Не може да има делумно доделување кредити.

## НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТОТ НИЗ СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

### Член 15

(1) Студентот стекнува право на упис на нареден семестар на студии кога ќе ги исполни сите студиски обврски изразени во ЕКТС-кредити, предвидени со запишувањето во претходниот семестар.

(2) Студентот може да ги запише само оние предмети за кои стекнал право според студиската програма и планот на студиите.

(3) Програмата и планот на студиите може да се базираат на запишување семестри, односно студиска година.

(4) Студентот кој нема да ги исполни условите за запишување во повисока година предвидени во ставот 2, студирањето може да го продолжи на тој начин што повторно ќе ги запише студиските обврски кои не ги исполнил во претходниот семестар и да запише нови предмети, но на тој начин што неговите вкупни студиски обврски во еден семестар да не надминуваат 21 – 35 ЕКТС-кредити, освен ако со општ акт на Универзитетот не е поинаку уредено.

(5) Со програмата и со планот на студиите во кои наставата се изведува семестрално, можат да бидат пропишани исклучоци од ставовите (1) и (2) на овој член, со цел на студентот да му се даде можност да запише наредна година/семестар во услови кога има неисполнето само дел од своите обврски во претходната година/семестар.

(6) Студентот напредува во текот на студирањето, односно запишува предмети преку бројот на остварените на кредитите.

### Член 16

Студентот на прв циклус студии може да запише минимум 21 кредити, но не повеќе од 40 кредити во семестар.

Студентот може да запише помал број кредити од оние наведени во претходниот став доколку му се останати предмети што носат вкупен број кредити помал од 21.

### Член 17

Студентот на втор циклус студии може да запише минимум 21 кредити, но не повеќе од 40 кредити во семестар.

Студентот може да запише помал број кредити од оние наведени во претходниот став доколку му се останати предмети што носат вкупен број кредити помал од 21.

**Член 18**

Студентот на трет циклус студии може да запише и помал или поголем број кредити по семестар, но не помалку од 15 и не повеќе од 50 кредити во семестар, освен кога се работи за запишување на докторскиот труд.

Студентот може да запише помал број кредити од оние наведени во претходниот став доколку му се останати предмети што носат вкупен број кредити помал од 15.

Доколку студентот ги има реализирано сите останати обврски според студиската програма, но нема докторирано може да ги запише кредитите од докторскиот труд и во зимски и во летен семестар.

**Член 19**

Студентот може да премине од една на друга студиска програма во рамките на единицата на Унивврзитетот најрано при запишувањето предмети од третиот семестар.

Почнувајќи од третиот семестар студентите можат паралелно да запишат предмети од друга студиска програма заради нејзино совладување со тоа што вкупниот број на кредити од двете студиски програми не смее да го надмине бројот 42 за прв и втор циклус, односно 50 за трет циклус студии во еден семестар. По успешното совладување на двете студиски програми студентот добива две дипломи.

Студентите кои студираат паралелно не може да имаат статус на редовен студент на двете студиски програми.

**Член 20**

Студентот има право, во текот на студирањето, да запише предмети кои не се задолжителни за стекнување на определениот степен на стручна подготовка со студиската програма на која студентот е запишан со тоа што ќе се почитува одредбата за минимумот и максимумот на бројот на кредити кои можат да се запишат.

**Член 21**

(1) Студентот може да запише нови предмети од наредниот семестар, во согласност со правилата за напредување утврдени во соодветната студиска програма.
(2) Единицата, во рамките на студиската програма, може да пропише условувачки критериуми, т.е. претходно совладани предмети (освоени кредити, положени и /или ислушани предмети и сл.), како услов за запишување на други предмети.
(3) Запишувањето на предметните програми во наредниот семестар се врши пред почетокот на соодветниот семестар.

## Член 22

(1) При запишувањето на предметите, студентот најпрво ги запишува неположените задолжителни и изборни предмети од соодветниот (летен/зимски) семестар, а потоа задолжителните предмети од тековниот семестар и на крај изборните предмети од тековниот семестар, но на тој начин што неговите вкупни студиски обврски во еден семестар да не надминуваат 35 ЕКТС-кредити, а за студентите кои запишуваат последен летен или зимски семестар да не надминуваат 40 ЕКСТ.

(2) Во зимскиот семестар се запишуваат предмети што се утврдени во студиските програми за зимскиот семестар.

(3) Во летниот семестар се запишуваат предмети што се утврдени во студиските програми за летниот семестар.

(4) Следењето, водењето и административната поддршка на студентот во текот на неговото студирање се регулираат со статутот на единицата во состав на Универзитетот.

(5) При запишувањето на предметите, потребно е да се исполнат условите утврдени со студиските програми.

(6) При повторно запишување на неположен изборен предмет, студентот има право да го замени изборниот предмет со друг изборен предмет од предметите што се активирани во соодветниот семестар како изборни предмети.

## Член 23

Студентите кои повторно запишуваат предмети, можат да запишат нов предмет кој според студиската програма условува претходно полагање на предметот кој повторно се запишува, но полагањето на предметите треба да е редоследно.

## Член 24

Евиденцијата на предмети кои се запишуваат, податоците дали се тоа повторно запишани предмети или нови предмети, како и висината на школарината се врши преку пријавни листови.

Формата и содржината на пријавниот лист ја пропишува проректорот за настава.

Точноста на податоците во пријавниот лист со свој потпис ја потврдуваат координаторот и/или администраторот за ЕКТС за соодветната студиска програма, а се верифицира од страна на деканот.

## Член 25

Плаќањето на надоместокот за партиципација и износот за школарина при запишувањето на семестарот се одредува според запишаните кредити во согласност со мерилата и критериумите за висината на надоместоците шти ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги.

**Член 26**

Одредбите од ова поглавје што се однесуваат на начинот на доделување кредити и напредувањето низ студиските програми соодветно ќе се применуваат и на студиските програми од вториот и третиот циклус на студии.

Поблиски одредби за активностите од став 1 на овој член ќе се уредат со одлука на Наставно-научен/Научен совет на Единицата.

***Вонредно студирање***

**Член 27**

За вонредните студенти може да се предвидат дополнителни активности, во смисла на организирање на кондензирана настава и изготвување дополнителни семинарски трудови, практична работа, домашни задачи итн., како компензација за часовите на настава и вежби од тековните семестри.

За вонредните студенти и редовните студенти кои повторно запишале предметна програма, може да се организира кондензирана настава.

Одлука за организирање кондензирана настава носи наставно-научен/наставнички/Ннаучен совет на единицата.

***Примена на системот за континуирано следење и оценување на успехот на студентите***

**Член 28**

Студентот во текот на студирањето, потребниот број кредити за соодветната програма го остварува преку континуирано или завршно оценување на сите активности предвидени со предметната програма.

При формирањето на завршната оценка распределбата на поените се одвива во согласност со елаборатот за акредитација на соодветната студиска програма.

Вкупниот број  поени изнесува 100.

Колоквиумот, односно завршното оценување се смета за позитивно, доколку студентот освои минимум 51 поен од вкупниот број поени предвидени за колоквиумот, односно за завршното оценување од двата колоквиума или испитот.

Испитот се смета за положен доколку студентот освои вкупно најмалку 51 поен од поените што произлегуваат од колоквиумите, односно завршниот испит и/или поените од останатите активности.

**Член 29**

Останатите активности во рамките на предметната програма вклучуваат:

- посета на предавања и активност на предавањата;
- извршени консултации;
- успешно реализирани вежби (вклучувајќи и присуство и активност);
- успешно реализирана практична работа;
- изработка на семинарски труд;
- самостојна (домашна) работа;
- учење во библиотека;
- менторство на други студенти;
- изработени или реализирани проекти;
- освоени награди или пофалници;
- учество на семинари;
- учество на симпозиуми и
- други активности предвидени со предметната програма.

Предметниот наставник не треба да дава обврски на студентите надвор од предвидените активности.

Поблиски одредби за видот и начинот на вреднувањето на поодделните активности за сите наставни дисциплини се утврдуваат со акт на единицата, во согласност со овој Правилник.

**Член 30**

Студентите кредитите може да ги остварат преку реализација на предвидени активности за определен предмет за коишто се доделуваат определен број поени.

По успешното положување на завршниот испит студентите ги добиваат кредитите определени за соодветниот предмет, а во зависност од освоените поени добиваат соодветна оценка за предметот.

**Член 31**

Редовните студенти се должни редовно да присуствуваат на настава и вежби.

Редовниот студент може да отсуствува од настава или вежби најмногу до трипати во текот на семестарот, а во спротивно нема право на полагање колоквиуми.

Доколку студентот не ги положи колоквиумите како начин на полагање на испитот, тогаш целата материја од предметната програма ја полага на завршниот испит.

**Член 32**

Во рамките на континуираното оценување студентот може да полага два колоквиуми.

Студентот има право да полага втор колоквиум доколку го има положено првиот колоквиум.

Доколку студентот не ги положи колоквиумите полага завршен испит во наредните испитни рокови.

### Член 33

За континуираното оценување, исто како и за завршното оценување, остварените резултати на студентите се објавуваат на огласната табла, веб-страницата на единицата, електорнскиот систем и сл., најдоцна во рок од 7 дена од одржувањето на колоквиумот, односно испитот. Објавените резултати содржат целосен опис на начинот на формирање на конечната оценка.

### Член 34

(1) Проверката на знаењето на студентот по наставните предмети се врши континуирано во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во поени.
(2) За исполнување на обврските за полагање на испитот (по делови или во целина) студентот добива оценка изразена во броеви од 5 (пет) до 10 (десет), при што оценката 5 (пет) означува недоволен успех.
(3) Испитот по еден наставен предмет може да се полага најмногу три пати од кој четвртиот пат по барање на студентот испитот се изведува пред комисија составена од три члена од наставници од исто или сродно наставно подрачје. Комисијата ја формира деканот.
(4) Наставникот кај кого полагал студентот не е член на комисијата од претходниот став на овој член.
(5) Студент кој и по четврти пат не успеал да го положи испитот должен е во наредната академска година да го запише тој предмет.
(6) Проверката на знаењето по одделни наставни предмети се врши на начин определено од предметниот наставник, кој се вградува и во студиската програма и се спроведува во роковите утврдени со овој Статут.
(7) Завршното оценување задолжително се запишува во индексот, записникот за одржаните испити и во пријавата за завршно оценување.
(8) Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите, вклучувајќи го и завршниот испит ако испитот е предвиден во студиската програма.

### Член 35

Студентот може да го напушти студирањето во рамките на определена студиска програма без истата да ја комплетира, и за тоа може да добие уверение за положени испити и реализирани активности.

Во уверението се бележат предметните програми, реализираните активности, оценките и бројот на кредити што ги остварил студентот во текот на студирањето.

**Член 36**

За примена и следење на одредбите од овој правилник, единицата на Универзитетот може да назначи координатор и/или администратор за ЕКТС на ниво на единица, односно на ниво на внатрешна организациска единица што се регулира со општ акт на единицата.

Со општиот акт на единицата се определуваат и надлежностите, обврските и работите на лицата од ставот 1 на овој член, во согласност со Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот, овој правилник и другите опти акти на Универзитетот.

## МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТОТ ВО РАМКИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 37**

Студентот може да премине од една на друга студиска програма во рамки на иста единица, како и на студиска програма на друга единица, во согласност со процедурите за премин од една на друга студиска програма во рамки на иста единица, односно за премин од една единица на друга во рамки на Универзитетот во Тетово.

Критериумите за премин ги определува единицата во зависност од компатибилноста на студиските програми.

**Член 38**

При преминот од една на друга единица, студентот се ослободува од полагањето, односно од следењето настава по одделни предмети/испити, доколку единиците помеѓу кои се врши преминот имаат склучено договор за меѓусебна соработка или со дозвола од единицата на која се преминува, врз основа на претходен увид во содржините и бројот на ЕКТС-кредити за соодветните предмети/испити што студентот ги добил во рамки на единицата од која доаѓа.

**Член 39**

Студентот има право во текот на студирањето да запише нови наставни предмети на единицата кои не се задолжителни за стекнување на определен степен на стручна подготовка, како и да запише нови наставни предмети на друга единица, со тоа што ќе се почитува одредбата за максимумот на бројот на ЕКТС-кредити кои можат да се запишат.

## МОБИЛНОСТ ПОМЕЃУ УНИВЕРЗИТЕТИТЕ И ДРУГИТЕ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ ВО ДРЖАВАВА И ВО СТРАНСТВО

**Член 40**

Студентот може да премине од една единица на друга во рамки на Универзитетот во Тетово и/или од друг универзитет на Универзитетот во Тетово или во рамки на

други високообразовни установи во државата и во странство. Критериумите за премин ги определуваат универзитетите во зависност од компатибилноста на нивните студиски програми.

Студент на Универзитетот, односно единица, може да реализира дел од студиската програма на друга високообразовна установа во државава или во странство (во понатамошниот текст: студент на матична установа/домашен студент) во траење од еден семестар, а најдолго два семестра, односно една академска година.

Студент од друга високообразовна установа од државава или од странство, може да реализира дел од студиската програма на Универзитетот, односно единица (во понатамошниот текст: студент - гостин) во траење од еден семестар, а најдолго два семестра, односно една академска година, а врз база на договор склучен помеѓу универзитетите за заемно признавање на предвидените/освоените ЕКТС-кредити. Студентот - гостин е со статус на редовен или вонреден студент и ги има истите права и обврски на студентите утврдени со овој правилни, правилниците за прв, втор, односно трет циклус студии. Неговите права, трошоците на студирање и други прашања поврзани со неговиот статус, се уредуваат со договор.

**Член 41**

Домашниот студент, односно студентот - гостин од член 41 од овој Правилник, по завршувањето на делот од студиската програма на друга високообразовна установа, ги продолжува студиите на својата матична установа и ги пренесува стекнатите ЕКТС-кредити/бодови кои му се признаваат во согласност со договорот за меѓусебно признавање на ЕКТС-кредитите/бодовите склучен помеѓу универзитетите, односно единиците и другите високообразовни установи.

Основен критериум за признавање на ЕКТС-кредитите претставува резултатот од процесот на учење кој е дефиниран со студиската програма.

Решение за признавање на ЕКТС-кредитите, решение за префрлување од друг универзитет/од една единица на друга/од една насока на друга во рамките на единицата/и признавање на испити кои домашниот студент ги стекнал на другависокообразовна установа, донесува на Универзитетот, изготвено од страна на координаторот за ЕКТС на Универзитетот врз основа на записник од продеканот на единицата.

**Член 42**

Со договорот од членот 41 од овој Правилник се регулираат меѓусебните права и обврски на високообразовните установи во насока на обезбедување услови за студирање на студентите - гости во државата - домаќин, како што се: трошоците за сместување, исхрана, превоз , здравствена заштита и останати трошоци кои студентот - гостин ги има за време на престојот во државата- домаќин.

Договорот за соработка го потпишуваат ректорот на Универзитетот и овластеното лице на другата високообразовна установа.

## Трансфер на студентите од една единица на друга на Универзиетот во Тетово

### Член 43

(1) Право на трансфер на студии, во рамките на постоечките академските единици на Универзитетот, имаат сите студенти, според условите и критериумите одредени со овој правилник.
(2) Трансферот се врши само на активните студиски програми.
(3) По реализација на ЕКТС-трансферот, студентот при запишувањето во програмата која се трансферира, има обврска да се отпише од програмата од која се трансферира, според природата на студиска програма и начинот на студирање.
(4) Право на трансфер во рамки на единиците на Универзитетот, можат да вршат студенти и кандитати кои имаат завршено најмалку еден семестар.
(5) Трансферот на ЕКТС-кредити може да се реализира и во рамки на насоки при истата студиска програма и меѓу различни план и програма при истата студиска програма. Разликите на предметите ги одредува координаторот за ЕКТС при факултетот и комисијата.

## Трансфер на студентите од други високообразовни инстутуции

### Член 44

(1)Од други високообразовни институции во државата и од странство, на единиците на Универзитетот, имаат право на трансфер сите кандитати што запишале или завршиле најмалку еден семестар во друг универзитет, а останатите обрвски ќе ги реализираат соодветно статусот на трансферот на соодветната студиска програма.
(2)При апликација задолжително се доставува доказ за акредитација на високообразовната установа, односно факултет или програма од каде што се врши трансферот. Комисијата за трансфер може да бара и дополнителни документи кои се потребни за реализација на трансферот во согласност со закон, Статутот на Универзитетот и овој правилник.
(3)При апликацијата, исто така, се доставува и еквиваленција на оценките направена од страна на ресорното Министерство за образование и наука на РСМ.
(4)Студентот може да изврши трансфер на еден од постоечките факултети и во иста или слична студиска програма или насока со факултетите и студиските програми на Универзитетот. Сличноста ја определува комисијата за трансфер при факултетот.
(5)Кандидатите кои ќе извршат трансфер, се запишуваат како студенти со статус на студирање – кофинансирање, односно според актуелните тарифи за студиските програми во тековната академска година.
(6)На студиски програми каде што според конкурсот за запишување студенти има одредено приемен испит, кандитатите кои се пријавуваат за трансфер на кредити, имаат обврска да полагат приемен испит кај одредените предмети.

**Координација, реализација и ефикасно спроведување на ЕКТС**

**Член 45**

Одделението за наставно-образовна дејност ги следи и ги евидентира административните и академските аспекти на ЕКТС на универзитетско ниво и остварува активна соработка со студентите.

На единиците на Универзитетот има координатори и/или административно-стручни лица за ЕКТС.

**Член 46**

Надлежностите и одговрностите на советникот за ЕКТС се утврдуваат со актот за систематизација на работните места на Универзитетот.

Надлежностите и одговорнистите на кооординаторите и/или административно-стручните лица за ЕКТС се утврдуваат со посебен акт на единиците на Универзитетот.

## ПАКЕТ НА ИНФОРМАЦИИ/ВОДИЧ ЗА СТУДИРАЊЕ И СОРАБОТКА

**Член 47**

Во насока на давање информации на заинтересираните студенти за можностите и условите на студирање на Универзитетот, на својата службена веб-страница, Универзитетот објавува пакет на информации/информатор (Information Package).

Пакетот на информации/информатор се објавува на македонски, албански и на англиски јазик.

**Член 48**

Универзитетот и единиците, заради обезбедување достапност во јавноста, транспарентност и ефикасност во информирањето на постојните и идните корисници на образовни услуги, се должни пакетите на информации да ги изработат и дистрибуираат во пишана форма преку публикации, прирачници, водичи и сл. и во електронска форма преку ЦД-записи, интернет, веб-страници и сл.

Заради остварување на целосна информираност, Универзитетот обезбедува соодветна хардверска и софтверска поддршка.

**Член 49**

Единицата на Универзитетот задолжително подготвува информативен пакет за ЕКТС, кој претставува водич за студирање и соработка.

Врз основа на информативните пакети на единиците од претходниот став, Универзитетот подготвува единствен информативен пакет за ЕКТС.

**Член 50**

Информативниот пакет задолжително ги содржи следниве елементи:

- опис на образовната понуда на единицата на Универзитетот (предметни програми, курсеви, насоки и сл.),
- опис на системот за оценување и полагање испити и
- опис на системот на кредити и на условите за напредување.

Содржината на информативниот пакет е дадена во Прилог 2 на овој Правилник.

**Член 51**

Единиците на Универзитетот се должни, заради обезбедување достапност до јавноста и ефикасност во информирањето на постојните и идните корисници на образовни услуги, да ги изработат информативните пакети и да ги дистрибуираат во пишана форма (публикации, прирачници, водичи и сл.) и/или во електронска форма (ЦД записи, веб страни и сл.).

Универзитетот и единиците на Универзитетот, за остварување на целосна информираност, обезбедуваат соодветна хардверска и софтверска поддршка.

**Член 52**

Информативниот пакет се изработува на македонски, на албански и на англиски јазик. Информативниот пакет може да биде изработен и на друг јазик, покрај јазиците од претходниот став на овој член.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 53**

Содржината на пакетот на информации е составен дел на овој Правилник.

**Член 54**

Овој Правилник влегува во сила на денот на неговото донесување.

**Член 55**

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за единствениот кредит систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга високообразовна установа, бр. 02-1068/1 од 24.2.2009 година.

**Претседател**

**Проф. д-р Вулнет Амети**